# Свиркање низ гробиштата




**ВОСХИТУВАЧКА АВАНТУРА**

*Водич низ Библијата*



Си бил да си поиграш со твојот пријател, кај него дома, но си се задржал подолго време отколку што си планирал. Веќе е ноќ, и ќе мора да се враќаш дома во мракот. Треба и да побрзаш, бидејќи твоите родители ќе се прашуваат каде си. За среќа, твојот дом не е далеку од куќата на твојот пријател, а има и пократок пат... но тој минува низ гробиштата.

Како што минуваш низ шилестите железни порти на гробиштата и се пробиваш меѓу многуте надгробни споменици, почнуваш да се чувствуваш непријатно. Многу пати си го минал овој пат дење, но сега, ноќе, чувството е поинакво. Посакуваш да имаше пријател покрај себе. Па затоа, за да ги окупираш своите мисли, почнуваш да свиркаш додека го забрзуваш чекорот за да стасаш на другата страна.

Некаде на половина пат, здогледуваш сенка од едно дрво како се движи на ветрот и го слушаш шумолењето на неговите лисја. Тоа е доволно за да те натера да почнеш да трчаш со сета сила! Со големо олеснување, конечно ги оставаш гробиштата зад себе и наскоро пристигнуваш дома.

**Зошто се плашиме да бидеме ноќе на гробишта?**
Во текот на денот тие личат доста безопасни. Изгледаат како убаво средени паркови со цвеќиња и дрвја. Понекогаш дури е интересно да се прочитаат натписите на некои надгробни споменици и да се видат датумите на нив. Но кога е темно, гробиштата се последното место на светот каде што човек би сакал да биде. Луѓето се плашат од гробишта, веројатно, поради Ноќта на вештерките и страшните приказни за сеништа.

## Брзи Факти

Најскапите гробишта на светот се Форест Лоун Меморијал Парк во Холивуд Хилс, Калифорнија. Една парцела на најубавите локации на гробиштата може да чини и повеќе од 800.000 долари! А за цена од 16.000 долари, вашиот гроб може да биде во облик на клупа, за да можат вашите пријатели да седнат додека мислат на вас. Средени и беспрекорно чувани, гробиштата на Холивуд Хилс покажуваат кој е кој во Холивуд, вклучувајќи ги и Стен Лорел, Лусил Бал, и Џин Отри. Форест Лоун е познат по неговото одржување и по тоа што надгробните натписи се поставени ниско, прилепени за тревните брда, скоро невидливи сè додека не им се приближиш.




***Дали знаеше дека на патот кон Небесниот град на светлината, повеќето луѓе ќе мора да поминат низ гробишта?***

Па, ајде да одиме на следната авантура за да видиме што навистина вели Божјиот збор за тоа каде одат луѓето кога ќе умрат. Ќе одиме во текот на денот, за да можеме сè јасно да видиме! И нема потреба да се плашиме, бидејќи Бог е со нас, а неговиот Збор ќе биде наш водич.



**Ајде да се помолиме Бог да нè научи и да ни помогне да ја разбереме оваа важна тема.**

Можеш вака да се помолиш: *„Драги Боже, Ти благодарам што Библијата има одговор за сите мои важни прашања. Те молам помогни ми денес да ја разберам вистината за она што се случува кога некој човек ќе умре, за никогаш повеќе да не се плашам од смртта. Во името на Исус те молам. Амин“.*

Едно момче, враќајќи се од училиште, поминуваше низ градските гробишта, и таму на еден споменик прочита:

*„Застани, мој пријателе кој поминуваш тука! Каде што си сега ти, некогаш бев и јас. Каде што сум сега јас, наскоро ќе бидеш и ти, затоа подготви се да ми се придружиш“.*






По кратко размислување за тие зборови, палавото момче извади од џебот парче креда и го додаде овој умен натпис на надгробната плоча:

## 1 Што навистина се случува кога човек ќе умре? Каде оди?

Одговор: ***„Господ, Бог, го обликува човекот од земниот прав и му дувна здив на живот во носалките. Така човекот стана жива душа“ (1. Мојсеева 2,7). „И се врати правот во земјата како што дојде од неа; а духот се врати при Бога, кој го даде“ (Проповедник 12,7).***

***„Правот ќе се врати во земјата“,*** вели Библијата. Дали ние навистина сме прашина? Библијата вели дека Бог го создал Адам од земниот ________ (1. Мојсеева 2,7).

Дали некогаш си направил нешто од глина - можеби фигуричка на животно или можеби вазна или чаша? Забавно е да премоделираш нешто од обична грутка кал во нешто убаво и вредно.

Библијата ни кажува дека во шестиот ден од создавањето, Бог го создал Адам од земскиот прав (или глина) и му вдахнал здив на животот и Адам станал жива душа (1. Мојсеева 2,7).

Значи, кога човек умира, тоа е нешто како создавање во обратна насока.

Телото се враќа во глина (прав), а здивот на животот од Бога, се враќа кај него. Значи, кога ќе умрат, луѓето не одат директно во рајот или во пеколот. Тие почиваат во своите гробови сè до воскресението. Тоа е како длабок сон без соништа. Тие знаат што се случува околу нив.



*Дали знаеше дека важен клуч за разбирање на Писмото е дека Библијата самата себеси се толкува? Често, еден текст го објаснува другиот.*

# 2 Што претставува „духот“ кој се враќа кај Бога кога некој ќе умре?

ОДГОВОР: *„Духот Божји во ноздрите мои“ (Јов 27,3). „Телото без дух е мртво“ (Јаков 2,26).*

Што вдахнал Бог во ноздрите на Адам?

Неговиот здив на животот - Неговиот д____.

А „телото без дух е м_______.“ Кога човек ќе умре, духот - или здивот на животот, се враќа кај Бога.

Дали некогаш си се разбудил наутро и си му заблагодарил на Бога за здивот на животот? Тоа е дар од Него што те држи во живот! Сите суштества дишат, дури и рибите и црвите. И кога некое суштество ќе запре да дише подолго време, тоа умира.

Според Библијата, „дух“ е животната енергија или „здив на животот“, кој Бог првобитно го дал на луѓето при создавањето. Библијата често наизменично ги користи зборовите „дух“ и „здив“ *(Види Јов 33,4 и 34,14.15).*




Овој „дух“ или „здив“ кој се враќа кај Бог не е некоја личност слична на сениште, која може да слуша, гледа, вкуси и чувствува. Тоа е едноставно енергија или струја на животот која сите живи суштества ја примаат од Бога... и која се враќа кај Бога при смртта.

Сфати го тоа како сијалица. Кога прекинувачот е исклучен, дали светлината лебди низ собата? Не, бидејќи нема струја или „живот“ кој би дошол до сијалицата. Кога едно лице ќе почине, прекинувачот е исклучен. Животната енергија се вратила назад кај Бога, па нема светлина ниту душа која лебди некаде.

**Еве еден неверојатен факт за дишењето. О, но втората половина е сета измешана! За да прочиташ, ќе мора правилно да ги подредиш зборовите.**

„Површината на белите дробови е приближно со иста големина ккао ноед нискоте ралигтеиш.“

„Површината на белите дробови е приближно со иста големина _____ _____ _________ ___________.“

Одговор: „Површината на белите дробови е приближно со иста големина како едно тениско игралиште.“

# 3 Ако „духот“ е животниот здив, што е тогаш „душата“?

ОДГОВОР: ***„Господ, Бог, го обликува човекот од земниот прав и му дувна здив на живот во носалките. Така човекот стана жива душа“ (1. Мојсеева 2,7).***

Душа е она што некои преводи на Библијата го нарекуваат „живо суштество“. Бог го обликувал Адам од прав и му вдахнал здив на животот - и така Адам станал жива душа, или, со други зборови, жив човек. Тоа е како едноставна математичка равенка која функционира во двете насоки:




**Душа (живо суштество) – Здив = Прав**

| А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ | И | Ј | К | Л | Љ | М | Н | Њ | О | П | Р | С | Т | Ќ | У | Ф | Х | Ц | Ч | Џ | Ш |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| = | : | { | / | <> | ? | @ | % | * | ( | ! | + | - | ^ | „“ | :] | < | > | :: | :/ | & | ~ | # | *) | ☻ | ☺ | ✂ | ✎ | ✸ | ⊘ | ❖ |

**Користејќи го кодот горе, доврши ја реченицата долу.**

<>☻✂::# ::<>! -=+ ◆::/=, #@^::#:: ~@ {&=*)= {:: ✪&={, =
<>☻❖=#= ::<>! <>= ~✪!@!

”______ ___ ___ _____, _______ __ ______ __ _____,
_ _______ ___ __ _____.“

Да речеме дека си одлучил да направиш мала дрвена кутија. Имаш даски и конзерва со шајки. Кога ќе ги заковаш шајките за да ги споиш даските, имаш кутија. По некое време, одлучуваш да ја расковаш кутијата... па, ги вадиш шајките, ги ставаш назад во конзервата, а потоа ги редиш даските повторно на купче.

**Каде отиде кутијата?** Не отиде никаде. Таа престана да биде кутија кога ти ја расклопи.




Сега претстави си дека кутијата е душата, даските се телото, а шајките се духот на животот даден од Бога.

Кога човек умира, телото се враќа во земјата (даските од кутијата се вратени на купче), духот се враќа кон Бога (шајките се вратени во конзервата) и душата престанува да постои (нема повеќе кутија).

Одговор: Духот оди кај Бога, телото се враќа во прав, а душата оди да спие!

## 4 Дали спасените луѓе одат директно во рај кога ќе умрат?




ОДГОВОР: ***„Давид… умре и беше погребан и... неговиот гроб е при нас до денешен ден“. „Зашто Давид не се вознесе на небесата“ (Дела 2,29.34). „А јас,*** [вели Давид,] ***… еднаш кога ќе се разбудам, ќе се наситам од Твојот изглед“ (Псалм 17,15). „Не, мртвите не го фалат Господа, никој од оние, што слегоа во тишина“ (Псалм 115,17).***

Не, мртвите не одат право во рајот, ниту пак одат право во пеколот да горат во огнено езеро. Тие спијат во своите гробови до воскресението. Повеќе од 50 пати во Библијата, смртта е споредена со спиење, зашто, кога човек спие, тој не е свесен за нештата околу себе. Кога нашите сакани ќе починат, тие не одат во рај или во пекол. Наместо тоа, тие почиваат во своите гробови, како и секој друг, и чекаат да бидат воскреснати. Царот Давид се радувал на воскресението, а и ние би можеле исто така. Тоа ќе биде прекрасен настан - да си го видиш семејството и пријателите воскреснати при второто Христово доаѓање!

## 5 Што знаат луѓето откако ќе умрат?

ОДГОВОР: ***„Живите барем знаат дека ќе умрат, а мртвите не знаат ништо… нивната љубов и нивната омраза и зависта, и веќе немаат учество во нешто што станува под сонцето“, „нема ни дела, ни умување, ни сознавање, ни мудрост во Подземјето во кое одиш“ (Проповедник 9,5.6.10). „Ако излезе духот од него, тој се враќа во својата земја, и во тој ден пропаѓаат сите негови мисли“ (Псалм 146,4).***

Библијата вели дека мртвите не знаат _________. Тие не се некакви духови што лебдат околу спомениците по гробиштата, измислувајќи нови начини да ги плашат децата!

Многу луѓе во Индија, а и во други земји, сметаат дека, откако некој ќе умре, тој се реинкарнира (се враќа да живее уште еден живот) како крава, мајмун или нешто друго, во зависност од тоа дали претходно бил добар или лош човек. Замисли си да се плашиш да убиеш мува, мислејќи дека таа можеби некогаш била твојот дедо! Но, Божјиот Збор јасно вели дека мртвите ***„веќе немаат учество во нешто што станува под сонцето“.***

Дали сонцето сè уште изгрева секое утро и сјае над нашите глави? Да, но мртвите не знаат ништо за тоа. Тие немаат живот или удел во ништо што се случува под сонцето. Сепак, сатаната измамил многу луѓе по ова прашање.

### БРЗИ ФАКТИ

**Големата пирамида Хуфу во Египет е најголемата пирамида во светот. Египќаните ја изградиле да биде гроб на кралот. Тие верувале дека луѓето, по смртта, живеат во светот на духовите.**

**Затоа во гробот на кралот, тие складирале храна, игри, книги, облека, мебел и скапоцен накит, бидејќи мислеле дека сето тоа ќе му треба на фараонот во задгробниот живот.**



## 6 Може ли „душата“ или „духот“ на умрениот да се врати и да зборува со живите? Може ли да види што се случува на Земјата?

Одговор: ***„Но човекот кога ќе легне, не станува веќе, додека се небесата, не ќе се крене“. „Му ги почитуваат децата - за тоа ништо не знае; ако се презрени не размислува за тоа“ (Јов 14,12.21).***

Многу е важно да се запамети дека мртвите не можат да зборуваат со нас. Тие нема одново да оживеат сè до воскресението. Тие не знаат дали околу нив се случуваат добри или лоши работи - не се свесни дури ни ако некој дојде да го посети нивниот гроб. Книгите и филмовите кои кажуваат поинаку, ја објавуваат омилената лага на сатаната. **Немој да дозволиш и ти да бидеш измамен!**

Сопругот на тетка Бети почина минатиот месец, и таа беше многу тажна и осамена. Сега ѝ е малку подобро. Таа вели дека духот на чичко Стојан се вратил да ја посети - и тој изгледал токму како чичко Стојан пред да се разболи. Ѝ рекол дека не треба да тагува и дека нему му е добро - а потоа исчезнал. Тетка Бети вели дека душата на чичко Стојан сега е во рајот. ***Дали е тоа вистина?*** _____

### Брзи факти



Некои животни, како, на пример, верверичките, хибернираат преку зимата, навлегувајќи во многу длабок сон.

За време на презимувањето, температурата на телото на животното се спушта, а отчукувањата на срцето и дишењето се намалуваат. Многу е тешко се разбудат овие животни, додека се во зимски сон.

## 7 Како изгледа смртта?

Одговор: Исус имал добар пријател, Лазар, кој бил болен, а потоа и починал. Исус им рекол на своите ученици дека Лазар заспал и дека Тој треба да оди да го разбуди (Јован 11,11). Учениците си помислиле дека, ако Лазар спие, ќе оздрави. ***„Тогаш Исус им рече јасно: 'Лазар умре'“ (Јован 11,14).***



Еве шанса да научиш малку од Библијата, а и англиски јазик во исто време. Кога Лазар се вратил од мртвите, луѓето го прашале: „Што виде додека беше мртов?“, Лазар им одговорил на еврејски, но ако им одговореше на англиски тоа ќе беше зборот што е скриен во нашата сложувалка подолу. За да го дешифрираш зборот, обој ги сите полиња кои содржат буква од неговото име: LAZAR.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| L | L | A | R | L | L | L | R | R | A | L | L | Z | Z | L | R | L | A | L | L | R | R | L | A | L |
| L | Z | N | R | R | L | A | R | L | O | Z | A | A | L | A | Z | L | Z | Z | L | L | A | L | L | R |
| Z | R | R | L | A | L | R | Z | L | L | R | R | L | A | A | L | T | L | R | R | R | Z | L | A | R |
| A | A | L | L | A | Z | Z | R | Z | Z | Z | Z | Z | Z | R | A | R | L | A | Z | Z | A | Z | Z | L |
| R | Z | L | A | L | Z | L | L | L | R | H | L | R | A | A | L | Z | Z | Z | L | R | R | Z | A | R |
| A | A | L | Z | L | R | L | L | A | A | L | Z | R | I | A | L | L | R | A | L | Z | Z | L | R | L |
| L | L | R | R | L | R | A | A | Z | L | Z | A | L | Z | L | L | R | Z | L | R | A | L | L | A | A |
| Z | Z | R | L | R | L | A | L | L | R | R | L | R | A | L | Z | L | R | N | R | G | L | Z | L | R |

**Одговор:** NOTHING! (Што значи ништо!)



**Дали некогаш си заспал за време на некое долго патување, а потоа си се разбудил дури кога си пристигнал на крајната дестинација?**
Смртта е како _______, а потоа се разбудуваш дома, при второто Христово доаѓање.
Кога навечер ќе си легнеш да спиеш, не си свесен за она што се случува околу тебе.

Следното нешто што го знаеш е ѕвонењето на твојот будилник, и време е да се стане. Кога некој ќе умре, тој не свесен за она што се случува, сè до воскресението.

## 8 Која беше првата сатанска лага на Земјата и како знаеме дека тоа беше лага?



Одговор: Бог ги известил Адам и Ева за дрвото на познание на доброто и злото. Тој им рекол: ***„‘Не јадете од него! И не допирајте го, за да не умрете!’ А змијата ѝ рече на жената: ‘Навистина, не ќе умрете!’“ (1. Мојсеева 3,3.4). „Старата змија,** [е] **наречена ѓавол и сатана“ (Откровение 12,9). „Душа, која згрешила, ќе умре“ (Езекил 18,20). „Цар над царевите и Господар над господарите, кој единствено има бесмртност“ (1. Тимотеј 6,15.16).***

Најпопуларна лага на сатаната е дека ние никогаш нема да умреме. И покрај фактот што Библијата вели дека ***„душа, која згрешила, таа ќе умре“,*** милиони луѓе (вклучувајќи и мнозина христијани) му веруваат на сатаната, наместо на Бога!

Денес, има многу популарни книги и филмови кои промовираат сеништа, вештерство и духови на мртвите (луѓе кои се враќаат за да комуницираат со живите).

Библијата сето тоа го сместува во **вештерство.**




Бог не го сака вештерството! Во неговиот Збор, Тој вели: ***„зашто преку твоите магии (вражања) се заблудија сите народи“ (Откровение 18,23). „На вражалците, и на идолопоклониците и на сите лажци, нивниот дел им е во езерото, кое гори со оган и сулфур; тоа е втората смрт“ (Откровение 21,8).***

Ако некогаш сретнеш некого кој вели дека може да комуницира со мртвите, ***биди внимателен!*** Она во што тој се вплеткал е вештерство (спиритизам), а Библијата тоа строго го осудува. Магионичарство имало уште во библиско време.



Царот Саул му го свртел грбот на Бога. Еднаш кога се соочил со голема битка, посакал да знае дали ќе победи. Одлучил да побара од една вештерка (гатачка) да се обиде да го праша починатиот пророк Самоил. Кога вештерката му рекла дека таа гледа силуета на стар човек како излегува од земјата, Саул помислил дека тоа е пророкот Самоил.

Сепак, тоа не можеше да биде Самоил, бидејќи Библијата вели дека мртвите не знаат ништо (Проповедник 9,5). Саул, всушност, разговарал со еден од злите ангели на сатаната, кој се преправал дека е Самоил (1. Самоилова 28).



**ЦРВЕНА ТРЕВОГА!** **Сатаната и неговите ангели планираат инвазија на човечкиот род! Подолу, откриј го нивниот план да ги заменат сите добри работи од Бога, со своите зли фалсификати. Ох, но фалсификатите се напишани наназад. Исправи ги и разоткриј го непријателот!**

**„Наместо ангели, ќе испратиме ѕивохуд иксномед.**
**Ќе го имитираме Исус Христос со исотсирх инжал.**
**Ние ќе испратиме ицорорп инжал за да ги заменат Божјите пророци.**
**Воините на молитвата ќе бидат победени од ицлажарв.**
**Сите вистински верници конечно ќе станат ицинолкополоди!“**

**Одговор:**
ѕивохуд иксномед - **демонски духови**
исотсирх инжал - **лажни христоси**
ицорорп инжал - **лажни пророци**
ицлажарв - **вражалци**
ицинолкополоди - **идолопоклоници**



*„Хари Потер“, „Господар на прстените“ и „Бафи - убиецот на вампири“ се заштитни знаци на нивните компании.*

# Може ли ѓаволот да прави чуда?

Одговор: *„Имено, тоа се демонски духови, кои прават чуда“ (Откровение 16,14). „зашто ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, па ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заблудат, ако е можно, и избраните“ (Матеј 24,24). „Самиот сатана се преправа во ангел на светлината… Тогаш, не е ништо големо, ако и неговите слуги се преправаат во слуги на правдата“ (2. Коринќаните 11,14.15). „Покрај Законот! Покрај сведоштвата! Ако не зборуваат според ова Слово, нема светлина во нив“ (Исаија 8,20).*





Сатаната има моќ да прави најразлични чуда и натприродни појави. Неговите зли ангели можат да се појавуваат во лик на луѓето кои починале. Само затоа што некој лекува луѓе, не мора да значи дека тој е од Бога. Сатаната е мајстор во употреба на заблудата, за да нè измами. Сатаната те мрази тебе, а го мрази и Исус.

Божјиот збор е единствениот сигурен водич кој може да ни покаже што е вистина, а што лага!

**Брзи факти**

Кога станува збор за претворање, октоподот е врвен мајстор. Благодарение на посебни клетки во неговата кожа, тој има способност да ја менува бојата, обликот, па дури и текстурата! За миг, тој може да се стопи со морското дно, изгледајќи како уште еден нерамен камен. Пацифичкиот мимички октопод има неверојатна способност да ја трансформира својата форма, имитирајќи сè - од ракови и риби, до морски змии. Може да се скрие во некоја празна школка и да извие еден од своите пипки, имитирајќи малечок црв, за да ги намами гладните риби. И тогаш... штрак! Октоподот ќе излета и ќе се нафрли на измамената жртва.

## 10 Кога мртвите повторно ќе оживеат?

Одговор: *„Но [ќе воскресне] секој по својот ред: првенец Христос, после оние кои се Христови, во времето на неговото доаѓање“ (1. Коринќаните 15,23). „И ете, доаѓам скоро, и наградата моја е со мене, за да му дадам секому според неговото дело!“ (Откровение 22,12). „Зашто самиот Господ на заповед, при глас на архангел... ќе слезе од небото и мртвите во Христа ќе воскреснат прво... и така засекогаш ќе бидеме со Господа“ (1. Солуњаните 4,16.17).*



*„Не чудете се на тоа, зашто доаѓа час во кој сите, кои се во гробовите, ќе го чујат Неговиот глас и ќе излезат од нив, кои правеле добро, ќе воскреснат за живот; а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“ (Јован 5,28.29).*

*„А другите мртовци не оживеаја, додека не се навршија илјада години“ (Откровение 20,5).*

Всушност, постојат **ДВЕ** воскресенија. Прво ќе воскреснат спасените, при Исусовото второ доаѓање, а илјада години подоцна, изгубените воскреснуваат за осуда.




1000 ГОДИНИ




Кога Исус ќе дојде повторно, гробовите ќе се отворат по целата Земја, и праведните ќе станат за да се сретнат со Христос во воздухот. Семејствата и пријателите ќе бидат повторно заедно - колку прекрасен ден ќе биде тоа! Оттогаш па натаму, ќе живееме со Исуса во славата, за никогаш повторно да не умреме (1. Солуњаните 4,16.17). Охоо! Би сакал ли да живееш вечно? Бог токму тоа го сака за нас. И Тој *„ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач“ (Откровение 21,4).*

**Дали сакаш да бидеш таму и да го сретнеш Исус кога ќе дојде?** __________

Адам, Елизабета, Петар и Сали со голема возбуда го очекуваат денот на воскресението! На секој од нив му починал некој близок и тие сакаат да ги видат повторно. Тие се на возраст од 5, 6, 7 и 8 години. Еден изгубил сестра, еден изгубил брат, еден мајка, а еден баба. Погледни ги показателите подолу и одреди го за секое дете: името, возраста и оној кој му починал а кој повторно ќе го види.

1. Оној што има шест години изгуби брат.
2. Адам загуби сестра и тој е постар од Петар.
3. Елизабета има пет години, но таа не ја изгубила својата мајка.
4. Сали е постара од Адам.

| Име | Возраст | Близок |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |



Одговор:

| Име | Возраст | Близок |
|---|---|---|
| Адам | 7 | сестра |
| Елизабета | 5 | баба |
| Петар | 6 | брат |
| Сали | 8 | мајка |

Ли Ен имаше 11 години, а нејзиниот помлад брат Били, четири. Ли Ен го сакаше својот брат и уживаше да си игра со него кога ќе се вратеше дома од училиште. Еден ден Били се разболе и нивните родители го однесоа на лекар, кој направи некои тестови. Конечно, лекарот им рече дека Били има нешто што се вика леукемија. Почнаа да му даваат некој специјален лек од кој му опадна косата. Тие правеа сè што можеа, но, на Били му стануваше сè полошо. И тогаш, еден страшен ден, Били умре. Тоа беше најтажниот ден во животот на Ли Ен.



Таа вечер, мајка ѝ на Ли Ен ѝ прочита текст од Библијата за второто Христово доаѓање. Таа ѝ рече дека кога Исус ќе дојде, Били ќе воскресне од гробот со ново и здраво тело - и нивното семејство повторно ќе биде заедно. Иако на Ли Ен ѝ недостасува нејзиниот брат, таа има надеж дека еден ден наскоро ќе го види повторно, и тогаш тие ќе можат да си играат заедно, засекогаш! Со **Исус!**

Библијата ни кажува дека, за еден христијанин, смртта не е крај. Исус ветил дека повторно ќе дојде за да ги воскресне оние кои го љубат. Колку ли прекрасна средба тоа ќе биде!




**Дали ти е мило што Бог ветил дека, кога Исус повторно ќе дојде, ќе ги воскресне оние кои го љубат? ___________**




## Како можам да бидам заштитен од измамите на сатаната во врска со прашањето за починатите?

1 Читај ја Библијата и верувај ѝ!

2 Запомни дека Библијата вели дека некои ги бараат оние *„што шепотат и мрмораат, [но] зар народот не треба да го праша својот Бог? Зар мртвите се прашуваат за живите“*. Барај одговори од Бога, а не од мртвите.

3 Држи се подалеку од книги, филмови, игри, па дури и од пријатели кои имаат каква било поврзаност со окултното: вештерство, магија, врачање или зборување со духовите на умрените.




4 Запомни дека Библијата вели: *„Мртвите не знаат ништо“ (Проповедник 9,5).*




Уживаше ли во оваа возбудлива лекција? Искрено се надеваме дека е така! А сега одвој малку време да ги решиш **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**

*Забелешки*

# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со црвена боја.

**1. Како настанал човекот? (1)**

○ а) тој потекнува од мајмун

○ б) Бог го создал од земскиот прав

○ в) долетал од друга планета

**2. Кога човек ќе умре: (3)**

○ а) се вивнува во вселената

○ б) се враќа назад во прав

○ в) оди во рај, пекол или чистилиште

○ г) почива мирно во гробот

○ д) станува животно или инсект

○ ѓ) не знае ништо

Напиши „Т“, за точно и “Н” за неточно на прашањата од 3 до 7.

**3. „Духот“ што се враќа кај Бога при смртта е:**

___ е) нашиот здив

___ ж) нашето тело

**4. Починатите ги прават следниве работи:**

___ а) ги гледаат оние на Земјата

___ б) мирно спијат

___ в) планираат што ќе прават во следниот живот

___ г) не прават ништо

___ д) разговараат со своите најблиски

___ ѓ) ни даваат мудрост

___ е) почиваат во земјата до Исусовото доаѓање

**5. Секоја порака од починат човек е:**

___ а) специјален дар за нас

___ б) обид на злите ангели на сатаната да нè измамат

___ в) од Бога

___ г) лага

**6. Што треба да правиме?**

___ а) да ги читаме книгите за Хари Потер

___ б) да ги предупредиме нашите пријатели да се чуваат од маѓесништво

___ в) да ја читаме Библијата и други добри книги

___ г) да гледаме филмови со маѓесништво или спиритизам

___ д) да внимаваме што влегува во нашите очи, уши и ум

___ ѓ) да внимавме да не бидеме измамени со сатанските „интересни“ трикови

___ е) да им кажеме на другите дека според Библијата „мртвите не знаат ништо“

**7. Каква награда од Бога ќе добијат праведните?**

___ а) при своето второ доаѓање, Исус ќе ги земе да живеат со него на небото

___ б) кога ќе умрат, нивниот дух ќе одлета во рај

___ в) Исус ќе затруби во труба и ќе ги врати во живот

___ г) тие ќе станат крава или коњ во нивниот следен живот

___ д) Исус ќе ги направи бесмртни, за никогаш повеќе да не умрат



___ ѓ) Исус ќе им даде совршено тело

___ е) Исус ќе ги отстрани смртта и тагата и ќе им даде радост и мир

# Твои коментари:

**8. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**9. Дали си задоволен што ја дозна Библиската вистината за смртта, духовите и воскресението?**

________________

**10. Дали сакаш да се држиш подалеку од лоши книги, филмови и игри и да им кажеш на другите за она што го научи?**

________________

**Одговор:**

1. Како настанал човекот?
   **б)** Бог го создал од земскиот прав

2. Кога човек ќе умре:
   **б)** се враќа назад во прав
   **г)** спие мирно во гробот
   **ѓ)** не знае ништо

3. „Духот" што се враќа кај Бога при смртта е:
   **Т - е)** нашиот здив
   **Н - ж)** нашето тело

4. Починатите ги прават следниве работи:
   **Н - а)** ги гледаат оние Земјата
   **Т - б)** мирно спијат
   **Н - в)** планираат што ќе прават во следниот живот
   **Т - г)** не прават ништо
   **Н - д)** разговараат со своите најблиски
   **Н - ѓ)** ни даваат мудрост
   **Т - е)** почиваат во земјата до Исусовото доаѓање

5. Секоја порака од починат човек е:
   **Н - а)** специјален дар за нас
   **Т - б)** обид на злите ангели на сатаната да нѐ измамат
   **Н - в)** од Бога
   **Т - г)** лага

6. Што треба да правиме?
   **Н - а)** да ги читаме книгите за Хари Потер
   **Т - б)** да ги предупредиме нашите пријатели да се чуваат од мaѓесништво
   **Т - в)** да ја читаме Библијата и други добри книги
   **Н - г)** да гледаме филмови со мaѓесништво или вражање во нив
   **Т - д)** да внимаваме што влегува во нашите очи, уши и ум
   **Т - ѓ)** да внимавме да не бидеме изменени со сатанските „интересни" трикови
   **Т - е)** да им кажеме на другите дека според Библијата „мртвите не знаат ништо"

7. Каква награда ќе добијат праведните од Бога?
   **Т - а)** при Неговото второ доаѓање, Исус ќе ги земе да живеат со него на небото
   **Н - б)** нивните духови ќе одлетаат во рај, кога тие ќе умрат
   **Т - в)** Исус ќе затруби во труба и ќе ги врати во живот
   **Н - г)** тие ќе станат крава или коњ во нивниот следен живот
   **Т - д)** Исус ќе ги направи бесмртни, за никогаш повеќе да не умрат
   **Т - ѓ)** Исус ќе им даде совршено тело
   **Т - е)** Исус ќе ги отстрани смртта и тагата и ќе им даде радост и мир

Твоето име и презиме ______________________

Твојата адреса ______________________

Одобрение од родител / старател ______________ ______________
*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!